# III. Надворешно-трговски и девизни движења во Република Македонија

## Основни индикатори за надворешно-трговските и девизните движења

| | месец | Износ (милиони УСД) | Месечни промени во % | I-III. 2003 (милиони УСД) | Промени во % |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | во однос на ист период од претходната година |
| **Надворешно-трговска размена** | III.2003 | 340,2 | 38,4 | 823,8 | 20,0 |
| **Извоз** | III.2003 | 120,0 | 26,7 | 293,7 | 20,7 |
| **Увоз** | III.2003 | 220,2 | 45,7 | 530,1 | 19,6 |
| **Салдо** | III.2003 | -100,2 | 77,8 | -236,4 | 18,2 |
| | | | | | во однос на крајот од претходната година |
| **Надворешен долг на РМ** | III.2003 | 1.539,5 | -0,8 | - | 1,4 |
| | | | | | во однос на истиот месец од претходната година |
| **Девизен курс на девизен пазар** (денари за единица странска валута) | III.2003 | | | | |
| **МКД / УСД** | | 57,06 | 0,5 | | -18,3 |
| **МКД / ЕВРО** | | 61,23 | -0,3 | | 0,5 |

## 3.1. Надворешно-трговска размена[11]

*Надворешно-трговската размена во февруари 2003 година забележа месечен пораст, при пораст на извозот и пад на увозот*

Надворешно-трговската размена на Република Македонија во февруари 2003 година, забележа месечен пораст од 3,3%, детерминиран од порастот на извозот за 19,9%, додека увозот се намали за 4,9%. Така, обемот на размената достигна вредност од 245,8 милиони САД долари, извозот изнесуваше 94,7 милиони САД долари, а увозот 151,1 милион САД долари. Истовремено, на годишна споредбена основа (февруари 2003 / февруари 2002 година) размената со странство беше повисока за 8,0%, при пораст на извозот и увозот за 14,9% и 4,1%, соодветно.

*Стоковната размена со странство во март 2003 година бележи месечен пораст, при пораст на извозот...*

Во март 2003 година, обемот на надворешно-трговската размена на Република Македонија регистрираше висок пораст на месечна основа од 38,4%, достигнувајќи вредност од 340,2 милиони САД долари. Во однос на минатиот месец, извозот е повисок за 26,7% и изнесуваше 120,0 милиони САД долари, додека увозот оствари месечен пораст од 45,7% и изнесуваше 220,2 милиони САД долари. Главна детерминанта на месечниот пораст на извозот е зголемениот пласман на облека и текстил (12,5%) и железо и челик (17,4%). Значајното динамизирање на увозот се должи на повисокиот увоз на минерални горива за 132,3% (увозот на минерални горива во март 2003 е над просечниот месечен увоз за 2002 година, заради очекуваниот пораст на цената на нафтата на светските берзи поради воениот напад врз Ирак). Сепак, треба да се истакне и зголемениот увоз на производи за доработка (особено железо и челик) што се очекува да резултира со зголемен извоз во наредниот период. Следствено, дефицитот во трговскиот биланс на месечна основа забележа релативно продлабочување, односно се зголеми за 79,4% и изнесува 100,2 милиони САД долари.

*...и значително динамизирање на увозот на стоки*

На годишно споредбено ниво вкупната надворешно-трговска размена на Република Македонија бележи пораст од 44,6%, при пораст на извозот и увозот од 29,5% и 54,4%, соодветно. Согласно подинамичното зголемување на увозот, дефицитот во размената забележа удвојување на годишна основа (пораст од 100,4%).

Графикон 23
Извоз, увоз и салдо на надворешно-трговската размена
(во милиони САД долари)




[11] Претходни податоци на Државниот завод за статистика на Република Македонија. Извозот на стоки е прикажан на ф.о.б. основа, додека увозот на стоки е прикажан на ц.и.ф. основа.

***Во првиот квартал од 2003 година е регистриран пораст на извозот од 20,7% и на увозот од 19.6%***

Во првиот квартал од 2003 година стоковната размена со странство на Република Македонија достигна 823,8 милиони САД долари, што претставува пораст од 20,0% во однос на истиот период 2002 година. Притоа, кај извозот е евидентирано зголемување од 20,7%, при истовремен пораст на увозот од 19,6%, кои притоа достигнаа вредност од 293,7 милиони САД долари и 530,1 милион САД долари, соодветно. Кумулативната анализа покажува дека значајна детерминанта на зголемувањето на извозот во првиот квартал 2003 година е извозот на железо и челик и нивни производи, кој бележи пораст од 80,0% споредено со истиот период од претходната година, при што главна компонента на вкупниот извоз во овој период се топловаланите производи од железо. Овој факт посочува на подобрени перформанси на челичната индустрија, како и на подобрена позиција на глобалниот пазар за челик. Во истиот анализиран период зголемен е и извозот на облека и текстил за 30,4%. На страната на увозот во анализираниот период преовладуваат нафтата и маслата, моторните возила, лекови за малопродажба и електрична енергија. Со оглед на ваквите движења на компонентите на размената, покриеноста на увозот со извоз во периодот јануари-март 2003 година изнесува 55,4% (54,9% во истиот период претходната година). Од аспект на економската намена на производите во структурата на извозот најзастапени се стоки за широка потрошувачка (51,9%), а во увозот со најголем дел (68,1%) учествуваат производи за репродукција.

***Европската Унија - доминантна групација на земји во стоковната размена на Република Македонија***

Во стоковната размена на Република Македонија доминантна групација е Европската Унија, при што во првите три месеци од 2003 година во овој регион беа пласирани 56,7% од вкупниот извоз, а 46,0% од увозот потекнува од земјите членки на Унијата. На кумулативна основа, увозот од Европската Унија бележи висок структурен пораст од 6,1 процентен поен, при пораст од 0,6 процентни поени на извозот. Согласно ваквиот тренд, евидентно е пренасочување на увозот од земјите од Централна и Источна Европа чие учество во увозот бележи намалување од 5,8 процентни поени, а учеството во извозот за 0,3 процентни поени, со што тоа е сведено на 20,6% и 4,3%, соодветно. При иста споредбена основа, размената со републиките од поранешна СФРЈ бележи неповолна структурна промена, односно намалено учество во извозот на стоки од 3,1 процентен поен, во услови на пораст на учеството на увозот од 0,4 процентни поени, главно заради намалениот извоз на тутун и пијалоци за кои поранешните југословенски републики се традиционален пазар на Република Македонија.

Графикон 24
Стоковна размена на Република Македонија според групации на земји, I-III.2003 година

Извоз




Увоз



Во првиот квартал од 2003 година, во структурата на надворешно-трговската размена на Република Македонија од аспект на поодделни земји, на трите најзначајни трговски партнери: Германија, Грција и Србија и Црна Гора, отпаѓаат 44,3% од вкупно остварената размена на Република Македонија со странство (овие земји во извозот учествуваат со 50,4%, а во увозот со 40,9%). Притоа, во размената со трите најголеми трговски партнери во анализираниот период е остварен трговски дефицит од 68,9 милиони САД долари, кој претставува 29,2% од вкупниот дефицит кумулиран во овој период. Во рамките на десетте најзначајни трговски партнери, позитивно салдо во размената е остварено единствено со Италија, САД и Хрватска.

Во периодот јануари-март 2003 година споредено со истиот период минатата година, во рамки на Договорите за слободна трговија, со Србија и Црна Гора и Словенија, и покрај зголемениот обем, размената се одликува со неповолен структурен карактер. Односно, од нето извозник во размената со Србија и Црна Гора, Република Македонија прерасна во нето увозник, додека со Словенија заради подинамичниот увоз, а речиси непроменетиот извоз, покриеноста е намалена за еден процентен поен и е сведена на 16,7%. Размената со Бугарија и покрај значително поголемиот увоз од извоз, регистрираше извесно позитивно структурно поместување на кумулативна споредбена основа, при што покриеноста на увозот со извоз со оваа земја во анализираниот период изнесува 18,5% (пораст од 6,3 процентни поени).